Почитувани членови на МНД-Битола, во прилог е Одлука на Управен одбор на МНД-Битола донесена на редовна седница на УО на МНД-Битола што се одржа на 10.09.2020 г.

# **О Д Л У К А**

Член 1

Врз основа на член 54 и 59 од Статутот на МНД-Битола, Управниот одбор донесе Одлука за одржување изборно Собрание за избор на претседател, потпретседател, членови на Управен одбор, членови на Надзорен одбор, претседател и членови на Уредувачки Совет, претседател и членови на Етичка комисија на МНД-Битола за периодот 2020-2022 година.

Член 2

Изборното Собрание се подготвува и ќе се одржи согласно следниот роковник:

10.09.2020 г. Одлука за одржување изборно Собрание

11.09.2020 г. Известување на членовите на МНД-Битола за донесената одлука, роковникот и почеток на постапката за поднесување кандидатури за избор на претседател на МНД-Битола за периодот 2020 – 2022 година.

18.09.2020 г. Завршува постапката за прием и архивирање на кандидатурите за претседател на МНД-Битола за периодот 2020 – 2022 г.

Кандидатот за претседател на МНД-Битола има обврска (заради ковид мерки) во електронска форма на адресата на МНД-Битола mss.bitola@gmail.com да поднесе:

-Пријава за кандидатура

-Биографски податоци / CV

-Програма за работа и ресурси за реализација на програмата за периодот 2020 – 2022 г.

21.09.2020 г. Состанок на мониторнинг комисија за текот на постапката за кандидидирање и утврдување на поднесени апликации согласно Статутот на МНД-Битола

22.09.2020 г. Свикување седница за изборно Собрание на МНД-Битола

29.09.2020 г. Изборно собрание на МНД-Битола (со протокол за заштита од Ковид-19)

Член 3

Одлуката да се објави на веб страницата на МНД-Битола.

11.09.2020 г.

Македонско научно друштво-Битола

Проф. д-р Марјан Танушевски, претседател с.р.